Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси“ на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово” од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право“ (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........62

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ТРУДОТ „ОДБРАНИ ТЕМИ ОД ПЕДАГОГИЈА“ НА ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ПЕТРОВА-ЃОРЃЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ , УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

На седницата на ННС на Педагошкиот факултет во Штип од 13.10.2011 год., со Одлука бр. 2102-203/26, определена сум за рецензент на трудот „**Одбрани теми од педагогија**“ од авторот **Емилија Петрова-Ѓорѓева**, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По деталното разгледување на материјалот, имам чест на ННС на Факултетот да му го поднесам следново мислење.

Трудот „*Одбрани теми од педагогија*“ е структуриран во два дела и има 150 стр. компјутерски пишан текст. Исто така, содржи: вовед (предговор) и користена литература со референци.

Првиот дел опфаќа три глави со поднаслови, а вториот дел една глава со поднаслови.

***2. Краток опис на содржината***

*Во првиот дел* од учебникот, авторот поместува едно од најзначајните прашања во педагошката наука: прашањето за научниот третман на педагогијата. При ова, авторот избрал мошне корисен пристап во расветлувањето на научната етаблираност на педагогијата преку третирањето на нејзиниот предмет, но и расветлувањето на присутните дилеми околу основните поими во таа наука. Авторот се определил за понуда на историската димензија во третманот на определувањето на тие поими што претставува ефикасен начин за третирање на базичните прашања, посебно поради потребата од усвојување на научен третман на која било проблематика. Целината на воведување во основите на педагошката наука авторот ја заокружил со понуда на третирање на прашањата кои се однесуваат на целта, задачите, како и начинот на кој педагогијата воспоставува релации со науки кои на одреден начин го допираат основниот педагошки поим: воспитанието.

Втората глава во трудот елаборира една мошне важна димензија во рамките на педагошката наука, а тоа е работната димензија на педагошкото делување кое го оспособува човекот во правец на негово обезбедување со вештини кои ја овозможуваат неговата егзистенција. Посебно е значаен делот кој е резервиран за промените во карактерот на општото образование, прашање кое ја димензионира содржината и обемот на општото образование во однос на стручното образование.

Третата глава авторот ја посветува на осветлување на факторите кои влијаат врз развојот на личноста, при што на еден успешен начин се отвораат прашања за наследството, средината и активноста како базични фактори кои педагошката наука во секој момент ги има во фокусот на своето внимание. Во овој наврат авторот се определил за еден комплексен пристап кој резултира со конкретни заклучоци: задачите кои педагошката практика преку делувањето на наставникот треба да ги реализира во когнитивното и психомоторното подрачје од развојот на човекот.

Во рамките на оваа глава своето место го наоѓа и актуелното прашање за начините со помош на кои наставникот треба да ги мотивира учениците во педагошкиот акт. Поради тоа авторот со право посебно ја акцентира потребата од покренување на интринзичната мотивација, покрај оној класичен пристап на користење на механизмите на екстринзично мотивирање.

Во светло на хуманистичката теорија авторот во следниот поднаслов нуди јасно разработен и операционализиран пристап кон истата со елаборирање на компонентите на воспитанието: интелектуалното, моралното, физичкото, работното, естетското. Во функција на практично насочување на педагошката теорија авторот ги нуди методите на педагошкото делување кои се заеднички именител на сите компонентина воспитанието, но и оние кои се специфика за секоја од нив.

Во вториот дел од учебникот авторот нуди една многу значајна компонента од педагошкото практично делување, која конкретно се однесува на работата на наставникот во училница. Се работи за проблематиката на менаџирање на однесувањето на учениците од страна на наставникот преку користењето на различни модели за воспоставување на дисциплина. Авторот ги нуди најпознатите модели за воспоставување на дисциплина кои се познати и признати во светски рамки, притоа елаборирајќи ги позитивните страни на поединечните модели, но и нивните слаби страни. Овој чекор е мошне значаен за сите оние кои имаат намера да усвојат научен третман на педагошката теорија, но и да бидат успешни во педагошката практика.

***Предлог и оправданост за објавување на трудот***

Впрочем, книгата на проф. д-р Ѓорѓева претставува резултат на едно долгогодишно искуство на интерпретација на содржини апсорбирани на мошне компетентен начин и методологија од педагошката наука. Лично сум импресионирана од начинот и концепцијата на содржините во книгата, како и од стрпливиот начин од временски аспект што проф. Ѓорѓева го нуди како едукативен материјал неопходен за студентите на овој и на другите универзитети.

Врз основа на напред изнесеното, а со посебна чест и задоволство на ННС на Факултетот за образовни науки во Штип му предлагам трудот со наслов „Одбрани теми од педагогија" од авторката проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, вонреден професор на истиот факултет, да биде **прифатен и објавен како материјал** по предметот Одбрани теми од педагогија.

Декември 2012 г.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т,**
**Проф. д-р Татјана Атанасоска, вонреден професор на Педагошкиот факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, с.р.**